доставено наш број 02-1435/1 од 14.08.2017 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-3420 /2016
година
СКОПЈЕ

17-01-2017

Архивски знак 0301
Чување 2
20 20 год.
Потпис

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ

| Примено: | 13-07-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 613/1 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма Демографија, втор циклус едногодишни студии на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма Демографија, втор циклус едногодишни студии на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 12-139/2 од 23.02.2016 година за акредитација на студиската програма Демографија, втор циклус едногодишни студии на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-266/12 од 19.12.2016 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-3420 од 20.12.2016 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведената студиска програма.

Министерството за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-3420 од 30.12.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 04.01.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-3420 од 05.01.2017 година, каде е наведено дека за студиската програма Демографија, втор циклус едногодишни студии на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Pishtar Lutfiu

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 2

изработил: Биљана Зафировска
прегледал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити